Љубомир Милетич

# МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКИТЕ БУГАРИ

PROMACEDONIA

Проект
ПРЕВОД НА ДЕЛА СО ИСТОРИСКА СОДРЖИНА

Министерство за култура
на Република Македонија

Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“ - Скопје

**ЕДИЦИЈА PRO MACEDONIA**

АД ВЕРБУМ

Скопје, 2014

Љубомир Милетич

# МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКИТЕ БУГАРИ

*Кон изданието*

**Проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова**

МАКЕДОНСКА БИБЛИОТЕКА

ИЗДАВА МАКЕДОНСКИЯТЪ НАУЧЕНЪ ИНСТИТУТЪ

№ 1.

# МАКЕДОНИЯ

# и

# МАКЕДОНСКИТѢ БЪЛГАРИ

## КУЛТУРНО-ИСТОРИЧЕСКИ ПОГЛЕДЪ

ОТЪ

**ПРОФ. Л. МИЛЕТИЧЪ**

ТРЕТО ИЗДАНИЕ

# СОДРЖИНА

I. Бугарија и Македонија ....................
II. Природните и етнографските граници на Македонија .................... 5
III. Централната положба на Македонија .......... 6
Полуостров - Патишта .................... 
IV. Македонското древно население - Доаѓањето на бугарските .................... 10
Словени - Нови странски доселеници .................... 14
V. Какви биле словенските племиња кои во VI и VII век престојувале во Македонија? - Солунските „Словени" - Старобугарскиот
јазик .................... 17
VI. Создавањето на бугарската држава и на бугарската националност .................... 21
VII. Општобугарското културно единство - Дејноста на светите Кирил и Методиј - Старобугарската писменост - Свети Климент .................... 24
VIII. Најстарата татковина на српскиот народ на Балканскиот Полуостров - Најстарите граници помеѓу српската и бугарската држава .................... 27
IX. Западното и Источното Бугарско Царство - Националната свест на македонските Бугари. Битката кај Чермен (1371 година) - Србија завладува со Македонија во XIV век. Кракотрајноста на српско владеење - Националната преродба на македонските Бугари. Революционерната борба на Македонците по Берлинскиот договор - Војните од 1912 до1918 година - Новото .................... 33
ропство на Македонија .................... 37
X. Туѓите културни влијанија врз Македонија од Исток и од Запад - Лошите комуникациски врски на Грција со главните балкански културни центри .................... 40
Географска карта на Македонија ....................

# I

# Бугарија и Македонија

Ехото на силната и жестока борба за ослободување на македонските Бугари одекна низ целиот свет, токму затоа што Македонија не е некоја зафрлена провинција на Турското Царство, туку се наоѓа во срцето на западниот дел на Балканскиот Полуостров, каде што ја пресекува единствениот природен и најкраток пат од север кон југ, кој ја поврзува Средна Европа со Егејското Море и со Блискиот Исток. Поради таа карактеристична географска положба, Македонија во минатото била важен трговски и културен центар на полуостровот, а и во иднина, од тој аспект, ќе има многу големо, речиси универзално значење.

Лично за Бугарија, Македонија поради своето население и во минатото и сега претставува јадро на западната половина на општобугарската татковина. Без Македонија, бугарскиот национален напредок никако не е осигурен, бидејќи македонските Бугари, со својата силно развиена национална свест, ја урамнотежуваат одбранбената моќ на бугарскиот народ против притисокот на туѓите народи што го опкружуваат[1]. Бугарија и Македонија отсекогаш си припаѓале една на друга и страдале една за друга, во национална и културна смисла, секогаш стремејќи се и кон политичко обединување[2]. Сите кај нас нека ги знаат и добро нека ги запомнат старовремските етнички и културни врски помеѓу Бугарија и Македонија! Без таков историски поглед во нејзиното древно минато, тешко е да си објасниме како беше возможно, покрај познатите силни реакции, во 1903 година да избувне сеопфатно бугарско востание[3], во најоддалечената од нас Западна Македонија, против една голема и немилосрдна владејачка империја, каква што е Турција. И географската положба на Македонија значајно ги објаснува нејзиното културно минато и сегашност.

# II

## Природните и етнографските граници на Македонија

Кога станува збор за границите на Македонија, од далечното минато па сè до денес, се разбира дека може да се зборува само за нејзините природни граници, кои се обусловени од структурата на почвата, која и покрај видливата испрекинатост со многубројните планини и долини, образувала една *географско-културна целина*. Последната влијаела на тоа и *политичко-административните* граници на Македонија, колку и да биле подложени на измени низ вековите, сепак да се движат во рамки на нејзините природни граници[4]. Во поново време, особено важно стана прашањето за *етнографските* граници на Македонија; тие сега можат да се определат главно според бројно и културно најсилната националност – *бугарската*, која уште од минатото ја населува таа земја и која ја игра најглавната улога во нејзината историја.

Не е случајно тоа што етнографските граници на Македонија, во таа смисла, речиси *се совпаѓаат* со географските, кои како природни, тешко проодни заштитни прегради, ги спречувале сродните етноси, кога ќе се населеле во Македонија, да излегуваат далеку зад нејзините природни граници. Бидејќи доселувањето на бугарските Словени во Македонија[5] се одвивало главно од североисток кон југозапад, нејзините југозападните природните граници биле најважната причина што главниот словенски преселнички бран сопрел токму тука. Историјата нè учи дека колку и да биле многубројни бугарските колонии[6] – кои и покрај тоа ги преминале овие граници во насока кон Епир, Тесалија и Грција (Мореја), а исто така и кон Албанија до Јадранското Море – тие, со текот на времето,

бидејќи имале слаби комуникациски врски со сонародниците во Македонија, не можеле да ја сочуваат својата националност, па така постепено се одродувале и исчезнувале.

Географските граници на Македонија, која ја зазема западната половина од јужниот дел на Балканскиот Полуостров, на север се оцртани со големи планински вериги, кои речиси непрекинато се простират од запад кон исток, почнувајќи од Шар Планина, па до Скопска Црна Гора, низ вододелниците на Вардар и Морава во Прешовско и понатаму по Осоговските Планини и по Рила, до врвот Мусала, каде што зафаќа крајната *источна* граница на Македонија, која оттука се простира кон југоисток, по западните падини на Родопите до реката Места, над селото Бук; потоа оди по текот на Места, надолу до Белото Море. *Јужната* граница на Македонија тргнува од утоката на реката Места и оди по морскиот брег, пресекувајќи го Атонскиот Полуостров, до утоката на реката Бистрица, од каде што се насочува по нејзиниот тек до нејзините извори, по што продолжува на запад по вододелницата кон изворите на реката Девол до албанските планини. *Западната* граница на Македонија тука скршнува на север и поминувајќи по планините западно од Охридското Езеро и од Дебар, стигнува до Шар Планина.

Според Страбон[7], и во минатото било вкоренето сфаќањето дека планинската верига, која се протега источно од Албанија, поточно Шар Планина, и следните понатаму, заедно со Балканот, до Црното Море, го разделуваат Балканскиот Полуостров на две *половини* – северна и јужна. Во северната половина била провинцијата Мизија[8], која се простирала од Црно Море на запад до реката Дрина, па се разделувала на два дела – источна и западна; реката Цибрица (Cebrus) била граница меѓу нив. Западниот дел се нарекувал Горна Мизија (Moesia superior), во која влегувале провинцијата Дарданија, градот Ниш (Naisus), како и Косово Поле, со градот Липљан (Ulpiana), додека источниот дел се нарекува Долна Мизија (Moesia inferior).

Јужниот дел од Балканскиот Полуостров административно се разделува за време на римското владеење, и тоа на две области (диецези): *Тракија и Македонија*, а за граница помеѓу нив се смета реката Места. Границите на диецезата Тракија значително

се промениле, кога според новата административна поделба на Диоклецијан (297 год.)[9] во неа се вклучувале и делови од североисточна Бугарија, додека диецезата Македонија не се менува сè до VI век, а како нејзина источна граница си останува реката Места. Оваа граница се наоѓа во претходната зона на источниот тракиски дел од Балканскиот Полуостров, која се одликува со пространи рамнини меѓу долгите планински вериги, кон западниот македонски дел, кој претежно е *планински*, со затворени, поголеми или помали, рамни котлини.

Македонија во споменатите и историските граници, освен делот со морето, заобиколена е со високи планини. Три големи реки течат низ неа од север кон југ, и се влеваат во Бело Море: Вардар, Струма и Места. Најзначајна е Вардарската Долина, која не само што е најголема и најповолна за трговски врски, туку е и значајна поради тоа што преку прилично нискиот прешовски предел (под Врање, на 430 метри надморска висина) е поврзана со долината на реката Морава, која води до Дунав и отвора пат кон Средна Европа. Вардарската Долина можеме да ја посочиме како разделна граница, која ја дели Македонија на два дела – источна и западна. Додека Западна Македонија географски и културно претставува една поограничена целина, Источна Македонија, земена како целина, е порасфрлена: од запад кон исток, планините Беласица, Плачковица и Осогово, заедно со полињата меѓу нив, се простираат во хоризонтална насока – кон исток до Пирин Планина, која потоа напречно се простира од север кон југ, така што источно зад неа, долината на реката Места (Неврокопско) претставува совршена изолирана котлина, стисната меѓу Родопите, Рила и Пирин.

Македонија има централна положба во јужниот дел на Балканскиот Полуостров, со Тракија од исток и со Албанија од запад.

Целата Македонија личи на неправилен четириаголник, чиј главен дел лежи помеѓу 40° и 42° северна географска ширина и 39° и 43° источна географска должина од Гринич. Најисточниот дел на Македонија е кај утоката на реката Места, најзападниот е кај градот Дебар, најсеверниот е вододелницата помеѓу Вардар

и Морава, додека најјужниот е кај големата меандра на реката Бистрица.

Треба да се забележи дека меѓу беломорските острови, на Македонија географски ѝ припаѓа и островот Тасос, сместен спроти градот Кавала.

Општиот географски карактер на Македонија е планински. Меѓу планините има големи и широки рамнини и длабоки долини. Во поголемите југозападните котлини има големи и мали езера, а земјата е пошарена и со помали планински реки и потоци, поради што Македонија има големо изобилство од вода, па така, не само што е природно многу плодна, туку и изобилува со извонредно убава земја. Целата е наведната кон утоката на Белото Море. Единствено коритото на реката Дрим, со Охридското Езеро, од кое истекува, е наведнато кон утоката на Јадранското Море. Затоа Македонија климатски припаѓа кон средоземноморската област, која се одликува со суви лета и влажни зими, а генерално со топла клима.

Во посочените граници, Македонија (во османлиски рамки, ред. бел.) зазема површина од околу 65.000 километри квадратни, но сега е релативно слабо населена. Целокупното нејзино население, според најверодостојните статистички податоци од 1912 година изнесува, општо земено, 2.260.000 лица, од кои 55% се Бугари, 20% се Турци, 10% се Грци, 10% се Албанци и 5% се разновидно население (Власи, Евреи, Роми и др.)[10].

Во услови на слобода, која би ги осигурила животите и имотите на жителите во Македонија, поради својата блага *средоземноморска клима* и извонредната структура на почвата, погодна за сите културни растенија, како и со развојот на богатата индустрија, таму би можело добро да се прехранува и трипати побројно население од тогашното.

## III

## Централната положба на Македонија на Балканскиот Полуостров - Патишта

Македонија, која зазема централно место помеѓу Тракија и Албанија, има најповолна положба меѓу внатрешните области на Балканскиот Полуостров, бидејќи има најкратки врски со пристаништата на Егејското и на Јадранското Море, а преку Вардарско-моравската долина и со Средна Европа. Додека другите средоземноморски полуострови – Апенинскиот и Пиринејскиот – се преградени откај север со високи планински венци и не поседуваат таков природен напречен пат од север кон југ, кој води до нивната најјужна приморска граница, Балканскиот Полуостров, напротив, има голема предност бидејќи со Моравско-вардарскиот пат е отворен за трговски и културни врски со Средна Европа, а од друга страна и со Блискиот Исток. Втората особена предност е тоа што на излезот на Вардарската Долина се наоѓа големиот *Солунски Залив*, каде што морскиот брег е испрекинат, имено помеѓу Солун и Орфан, а длабочината на заливот достигнува до 1.000 метри. Најкраткиот пат меѓу Средна Европа, а особено меѓу богатата Унгарска Рамнина и Суецкиот Канал е токму солунскиот пат, кој води низ срцето на Македонија, природната „заднина" на Солун. Тука е потребно да напоменеме дека Македонија, главно нејзиниот западен дел, нема друго достапно морско пристаниште, бидејќи од запад, и покрај близината на Јадранското Море, таа всушност е *затворена област*, каква што е и целата западна половина на Балканскиот Полуостров, чии крајни граници се оцртани од планински вериги, што се протегаат напречно – од север кон југ, по должината на Јадранското Море. Имено, почнувајќи на север од Љубљанската Котлина, во густи вериги се простираат

првенствено планинските венци од таканаречениот Динарски планински систем, кој достигнува до Скадар. Тие планини се состојат од варовници и образуваат голи, остри и тешко проодни била, наредени еднододруго, паралелно со морскиот брег. Нема премини кои ги одржуваат врските со внатрешноста на земјата. Реките, кои тука непречено течат кон морето, се малку, со краток тек низ тесните долини, и не се разгрануваат меѓу високите планински вериги. Затоа, макар што (албанското, ред. бел.) крајбрежјето од Фиуме до Скадар е извонредно разгрането и богато со заливи, тоа останува без големо значење, бидејќи поради планинските прегради, тие заливи не се добро поврзани со внатрешноста. Допрва кај Скадар се јавуваат мали подобрувања. Тука планините се издигнуваат на таков начин што престануваат да одат паралелно со морскиот брег и ги олеснуваат напречните врски на внатрешноста со морето. Тука и морскиот брег, кој оди од северозапад кон југ, ја менува насоката право на југ, па таму морето длабоко се врежува во сушата – кај заливот Сан Џовани ди Медуа[11] – тука се влева и реката Дрим, па затоа тој залив во средните векови се сметал за првокласно пристаниште. Ова пристаниште, па и патот, кој оттука води главно кон долината на Дрим, до Призрен, минувајќи и високи планини, биле причината поради која Скадар некогаш бил сметан за една од најбогатите културни области. Рамнините на Метохија, Призренското и на Косово Поле, единствено по тој, не толку погоден пат, наоѓале излез кон морето, за трговски и за културни врски. Медуанското (Шенѓинското, ред. бел.) пристаниште, кое е плитко, бидејќи е слабо заштитено од северните ветрови, и сега постепено се затрупува со песок, го изгубило своето старо значење, главно откако западната трговија кон Балканскиот Полуостров почна да се движи во друга насока, имено по многу попогоден пат, кој води од север кон југ и обратно низ Моравско-вардарската долина.

Од Скадар на југ, паралелно со морскиот брег, зафаќаат Грчко-албанските планини, кои припаѓаат на т.н. Пиндски планински систем. Тие се пониски од Динарските, кои се

формирани од помлади, седиментни карпи, поради што во нив можеле да се врежат напречните речни долини, меѓу кои најважни се оние на реките Шкумбини[12] и Девол[13] – тие ги пробиваат речиси сите планински вериги. И тие се тесни, но сепак се попогодни за преку нив да се воспостават железнички врски со морето. Од заливот крај Драч (Durazzo)[14], по долината на Шкумбини поминува единствениот значаен историски пат, познат под името Виа Егнатија (Via Egnatia)[15], кој го поврзувал морето, низ Елбасан, Охрид и Ресен, со Битола, па оттука, минувајќи покрај Островското Езеро на Воден, достигнал до Солун и понатаму сè до морскиот брег – дури до Цариград. Друг погоден пат од Западна Македонија кон Јадранското Море ниту имало ниту има.

Освен Моравско-вардарската долина, Балканскиот Полуостров поседува уште една поврзувачка артерија – патот кој ја поврзува Средна Европа преку Ниш – Софија со Цариград. *И двата пата се среќаваат во Ниш*, од каде што кон север, веќе поврзани одат по Моравската Долина до Дунав. Патот за Солун, освен што е пократок, пред Цариградскиот пат има и една друга предност за железничките врски, поточно вододелницата помеѓу Вардар и Морава е на само 430 метри надморска височина и така постепено се издигнува на начин на кој преминот меѓу двете долини останува речиси незабележан, додека вододелницата меѓуреката Нишава[16] и реката Искар[17] е на 800 метри, а следната по нив, вододелницата меѓу реката Искар и реката Марица[18] е на висина од 740 метри, а притоа и во двата премина – Драгоманскиот и Ихтиманскиот[19], патот премногу стрмно се издигнува и се спушта.

Поради тие географски врски, Македонија и Моравско во минатото биле во тесни културни односи. Тоа не ја објаснува само денешната еднородност на населението во двете области, туку и еднаквата бугарска култура низ целиот басен на Вардар и на Бугарска Морава[20]. Бидејќи и при словенското населување во Моравско и во Македонија, истакнатите природни комуникациски врски на двете области биле значајни за дел од

преселбата на тесно сродните меѓу себе словенско-бугарски племиња[21].

Главниот населенички бран, за време на првото доселување на бугарските Словени во Македонија[22], бил насочен од северозападна Бугарија по најкраток пат, кој во минатото ја поврзувал Бугарија со Македонија, а тоа е патот од Радомир – Ќустендил – Крива Паланка – Куманово кон Скопје. Една гранка на тој пат, од Радомир низ Дупница и Горна Џумаја, и понатаму по текот на реката Струма, водела кон Демир Хисар и кон Бело Море (Егејско Море, ред. бел.), од каде што преселеничкото движење можело да се насочи кон запад, по јужниот дел на Македонија.

Благодарение на овие две природни комуникациски линии, во минатото, низ вековите, непрекинато се одржувале државно-политичките и културните врски меѓу Бугарија и Македонија. Со тие врски се објаснува и еднородноста на словенскиот етнички елемент во Бугарија, Тракија и Македонија. Познато е дека главните односи помеѓу Бугарија и Македонија и во минатото, особено воените походи и масовните раселувања, се одвивале по споменатиот најкраток Ќустендилски пат, а не низ далечната и некогаш тешко проодна Моравска Долина. Должината на патот од Ќустендил до Куманово изнесува околу 90 километри. Овој северен македонски пат, од едната страна го поврзува Скопје со Јадранското Море, а од другата страна, низ Ќустендил – Софија, го поврзува со Цариград. За време на турското владеење, тој пат бил многу раздвижен, по него се одвивала и комуникацијата меѓу Венеција и Дубровник со Бугарија и Цариград. Бидејќи овој пат го поврзувал Скопје со Босна, се нарекувал и Босански пат.

## IV

## Македонското древно население - Доаѓањето на бугарските Словени - Нови странски доселеници

Пред да дојдат Словените на Балканскиот Полуостров, етнографскиот состав на македонското население бил прилично еднообразен. Во предисторискиот период, во Македонија се населиле Трако-Илири[23] – во нејзиниот источен дел племето *Тракијци*[24], а во западниот дел племето *Илири*[i], од кои потекнуваат денешните Албанци[25]. Племето *Македонјани*[26] веројатно било во сродство со Тракијците, а пак племето *Епироти* било сродно со Илирите[27]. Реката Шкумбини била граница помеѓу нив – јужно од неа живееле Епиротите[28]. Меѓу себе се разликувале по дијалектот и по физичкиот изглед. Сегашните *Геги*[29] се потомци на Илирите, а *Тоските*[30] – на Епиротите.

Јужниот дел на Македонија, каде што биле идните престолнините на античките македонски цареви, имено Едеса (потоа наречена Воден) и Пела[31], би требало да е граничната област каде што трако-илирскиот (старомакедонскиот, ред. бел.) елемент дошол во допир со старогрчкиот (хеленскиот). Во историска епоха, во времето на Македонското Царство, особено на Александар Велики, тука веројатно бил многу влијателен (старо-, ред. бел.) грчкиот јазик[32], додека трако-илирскиот бил исклучително доминантен[33] во внатрешноста на земјата. Но потоа, поради повеќекратните упади на други народи во Македонија, древното трако-илирско население постепено се

i Илирите живееле во западниот дел на Балканскиот Полуостров, од среден Дунав до Епир. Во центарот на Полуостровот, кон нив се вбројувале и Дарданците и Панонците. Нивните источни соседи, Тракијците, се простирале од Трансилванските Карпати, преку Дунав и Балканот, до морето и во дел од Мала Азија.

разредувало. Во почетокот на III век пред Христа (околу 280 год.) настанала *келтската* инвазија[34]; во II век по Христа следува *римското освојување*[35], кое во земјата носи нови доселеници од Италија (Римската Империја, ред. бел.)[36], последните остатоци од кои се денешните македонски Ароманци[37] (Цинцари, од Грците нарекувани и Куцовласи). За слабеењето на тракоилирското население влијаеле нападите и опустошувањата од *источните Готи* (околу 474 год.)[38], кои ги опустошиле Дарданија и Македонија, *Хуните*[39] и *Аварите*[40] (во IV век), а во приморските области и *сараценските пирати* (Арабјаните, ред. бел.). Но најголемиот удар на тоа население му бил нанесен во VI и VII век по Христа, од големиот наплив на *словенско население* на Балканот, чии бранови се прошириле далеку на југозапад и на југ, па ја зафатиле и речиси цела Грција. Измешани со Словените, остатоците од Трако-Илирите, доколку уште биле нероманизирани и ја преживеале словенската инвазија[ii], сепак не можеле долго време да ја зачуваат својата народност: започнал изедначувачки процес во корист на силната, новонаселена словенска стихија и, најпосле, во текот на првите три-четири века, Трако-Илирите во Македонија биле сосема претопени од Словените, исто како и Тракијците во Тракија. Единствено мал дел од илирските племиња, кои изолирано живееле на албанските планини, успеале етнографски да опстанат.

По Словените, доаѓаат нови доселеници во Македонија: јужноиталијански Нормани, крстоносци Франки, одделни венецијански колонисти[41], шпански Евреи[42], а најпосле и Турци и Татари[43].

И покрај тие нови етнографски примеси, *словенскиот елемент останал во границите на Македонија*, со исклучок на крајбрежната и на морската област, како *најсплотен и најброен* сè до денешен ден. Во недостаток на своја флота, Словените не можеле да се утврдат до Белото Море (Егејското Море, ред. бел.), иако првично нивните населби достигнуваат до него. Тие

ii Тракијците горјани најмногу го зачувале својот јазик. На западните Родопи живеело племето Беси, кои биле повеќе христијани и извршувале христијанска богослужба на својот јазик.

се задржале околу Солун, но самиот Солун поради наведените причини не можел да биде освоен. Тоа најпосле се случило, макар и за кратко време, од страна на арапските (Арабјаните, ред. бел.) (904 год.) и на норманските пирати (1185 год.), за потоа да падне во рацете на Турците (Османлии, ред. бел.), кои во 1430 година го презеле во долготрајно владеење.

# V

## Какви биле словенските племиња кои во VI и VII век престојувале во Македонија? - Солунските „Словени“- Старобугарскиот јазик

Познато е дека словенското население во Македонија дошло од североисток, т.е. од Дакија (денешна Романија) и од соседните делови на Унгарија. Иако Словените биле поделени на племиња, секое со посебно име, сите тие биле тесно сродни по јазик, карактер и дух. Тие потекнуваат од оној јужнословенски клон, кој по разделбата од своите блиски словенски племиња (во општословенската татковина) поминал векови во одделно живеење и постојано движејќи се на југ, во насока кон Долен Дунав, каде што најпосле долготрајно се населил, пред да ја премине реката. Летописците Прокопиј (Кесариски, ред. бел.) и Јорданес[44], за овој словенски народ велат дека во VI век по Христа, северно од Дунав сѐ уште се нарекувал Словени (Σκλαβηνοί, sclavini). Населувањето на Балканскиот Полуостров завршило кон средината на VII век. Најрано бил заземен јужниот брег на Дунав, од страна на седумте словенски племиња, кои летописците Теофан и Никифор[45] ги споменуваат под 619 година. Тие се населиле помеѓу Дунав и Балканот, а несомнено дошле од север, откај Влашко. Тие ја презеле и Тракија, која покрај сите опустошувања упорно се заштитувала, па тука само силното племе *Смољани* успеало да се насели во внатрешноста на Родопите. Словенското населување низ Македонија достигнало на југ до Елада и дури до Лаконија. Од Македонија, Словените се насочиле кон Средна Албанија, а оставените траги и сега се гледаат во областа помеѓу Драч и Химара, каде што сѐ уште се сочувани бројни *словенски локални*

*називи*. Еден дел од истите Словени изгледа преминал од Горна Мизија во Моравско.

Под општото име *Словени*, племињата биле познати веќе долго време откако се сместиле во Мизија, Тракија и Македонија. Јазикот на словенското племе населено околу Солун, на кој во IX век светите Кирил и Методиј и нивните ученици го преведоа Светото писмо и другите богослужбени книги, се нарекувал *словенски*[46]. Тој јазик, во науката е познат како *старословенски*[47], а во последно време почесто како *старобугарски* (altbulgarisch, vieux bulgare и сл.)[48]. Во IX век се одликувал со неколку посебни звуковни (фонетски) црти, несвојствени за другите два јужнословенски јазици од тоа време, српскохрватскиот и словенечкиот (во Панонија). Врз основата на најкарактеристичниот звуковен белег на јазикот на светите Кирил и Методиј, изговорот *шт* (щ) и *жд* (наместо прасловенскиот изговор на tj, dj), лингвистиката утврди дека, несомнено, тоа е јазик на сите словенски племиња, кои во VI и VII век се населиле не само во Мизија и во Тракија, туку и во цела Македонија, вклучувајќи ги и оние словенски колонисти кои се беа вовлекле далеку на југ во Грција и на запад во Албанија. Вториот важен карактеристичен белег на истиот *старобугарски јазик* се назалните изговори на гласовите ѫ, ѧ. Значителен белег е и изговорот на ѣ како широко *е*, слично на *я*, кои во многу случаи слабо се разликуваат.[iii]

Главно по тие звуковни белези, науката може да утврди не само дека тие Словени што го поминале Дунав се идентични со оние кои во VI век живееле *северно* од Долен Дунав, во времето на летописците Прокопиј и Јорданес, туку и дека еден клон од Словените се простирал далеку на запад од Дакија во унгарската рамнина, достигнувајќи со своите колонии до

iii Споменатите фонетски одлики се востановени и во старите *топоними*, зачувани во Македонија и во одредени старобугарски (старословенски, ред. бел.) зборови, *фонетски* запишани од византиските писатели, во грамотите. (хрисовулите) и др., како на пример πϱοτοϰυεηζη (потокнензи), Βαλαβισσα (Беласица), Πϱιλαπος (Прилеп); денешните топоними, на пример, с. Пештани, с. Радожа (на Охридското Езеро) и така натаму.

реката Тиса и дури до денешната унгарска престолнина Пешта. Името Пешта го содржи звукот *щ*, и тоа е непобитен доказ за неговото бугарското потекло. Доколку и тие наши *бугарски Словени*, со текот на времето исчезнале во пределите северно од Дунав, како што се случило и со споменатите словенски колонии во Грција и во Албанија, тие оставиле историски сведоштва за своето некогашно постоење во многубројните топоними, сочувани тука, а и во повеќето културни зборови, зајмени од нив, кај Грците, Романците и Унгарците.[iv] Јазичните докази сериозно се поткрепени со многу историски податоци кај византиските и кај некои западни летописци[49]. Генералниот заклучок од пишаните податоци е дека словенската колонизација на Балканскиот Полуостров, која ги постави основите на бугарската националност[50], била толку силна што дури и Пелопонез, во првата половина на VIII век, од европските морепловци бил сметан за словенска земја (slavina terra). И Константин Порфирогенет[51] вели: „Се пословени цела земја и стана варварска".[v]

Племенското единство помеѓу македонските Словени и Словените во Тракија и во Мизија се манифестира во целата подоцнежна историја[52], со тоа што во сите области, до најзападните предели на Македонија, со векови се одржал истиот старобугарски (старословенски, ред. бел.) јазик во народната писменост – до поново време, кога веќе и во писменоста постепено почнува да се пробива изменетиот народен јазик. Во Македонија тој се дели на неколку наречја (дијалекти), кои и покрај познатите отстапувања од

---

iv Познатиот славист Франц Миклошич (F. Miklosich) беше првиот кој сериозно го собра и го искористи во науката богатиот историски материјал, содржан во словенските зборови примени во грчкиот, романскиот и унгарскиот јазик. (Види ги делата: Die slavischen Elemente im Neugriechischen, 1870 год., Die slavischen Elemente im Rumunischen, 1832 год., и Die slavischen Elemente im Magyarischen, 1871 год.). По тие основни дела на Миклошич, следуваа и други посебни проучувања на истата тема.

v Уште во XV век имало големи словенски колонии низ Епир, Тесалија и Пелопонез. (Види кај В. Василев „Славяне в Греціи", во *Византійскій Временникъ* V. 435 и сл.).

старобугарскиот јазик, во основа ги почитуваат неговите суштински одлики. Македонските дијалекти, во својот развој, целосно се движеле во иста насока како и другите бугарски дијалекти надвор од Македонија, со кои сега образуваат една целина – *новобугарскиот јазик*. Ова единство на македонските со другите новобугарски дијалекти, може да се објасни само со нивната заедничка основа, со еднаквиот јазик на Словено-Бугарските племиња.

## VI

## Создавањето на бугарската држава и на бугарската националност

Бугарската националност беше формирана со спојувањето на споменатите *Словени* со оние кои во науката сега се нарекуваат *Прабугари*. Последните биле со турско потекло, па заедно со Словените ги поставиле првите темели на бугарската држава[53]. Најважниот настан, што се смета за почеток на бугарската историја е преминувањето на една бугарска орда, на чело со кнезот Аспарух (нарекуван и Исперих) од Дакија во денешна Добруџа, во 679 година[54]. Наскоро потоа, Аспарух во пределите на денешна Североисточна Бугарија го основал првото бугарско кнежевство на Балканскиот Полуостров, со престолнина крај денешното село Абоба (старото име му е Плиска), а потоа во Преслав. Во старобугарското кнежевство, надојдените Прабугари сложно живееле со затекнатите Словени, дотогашни византиски поданици. *Тој сојуз беше јадрото од кое се разви големото старобугарско царство, кое за кратко време ги опфати сите населени од истите словенските области во Мизија, Тракија и Македонија.*

Власта на Прабугарите, пред Аспарух да ја премине реката Дунав, се прострирала во Дакија и далеку на запад низ Трансилванија, дури до реката Тиса во Унгарија. И во таа, тогаш наречена „Бугарија отаде Дунав", Прабугарите дејствувале во сојуз со истите Словени какви што биле и оние населени на Балканскиот Полуостров[55]. Во Дакија, каде што Прабугарите, пред да се формира Аспаруховото кнежевство, поминале речиси два века, *се случило првото блиско запознавање помеѓу нив и Словените; тука биле поставени темелите на таа долготрајна политичка дружба помеѓу нив, благодарение*

*на која државната идеја на Прабугарите била прифатена и од Словените во Мизија, Тракија и Македонија, како нивна сопствена.* Заедно со Аспаруховите Прабугари, *дакиските Словени* учествувале во нивните борби со Византија, сè до освојувањето на Преславското кнежевство, а потоа на истиот начин го поддржувале проширувањето на новата бугарска држава и нивните сонародници, Словените низ целиот Балкански Полуостров. И навистина, само на тој начин државната власт на Прабугарите можела да опстане онаму каде што веќе било населено мнозинството од оние *словенски* племиња, кои меѓу себе чувствувале толкаво сродство по јазик и по дух, што претставувале *една посебна националност, различна од* другите Јужни Словени. И покрај тоа, поради племенската фрагментација на овие Словени и поради недостигот на заедничка централна власт, тешко дека кај нив можела, без надворешна интервенција, да се развие јасна национална свест и свет за заеднички интереси, за да се сплотат во една организирана сила и самите да основаат своја трајна држава. *Аспаруховите Прабугари се појавиле токму како такви енергични државни организатори, па успеале политички и социјално да ги привлечат словенските сојузници, кои во текот на два-три века конечно го заборавиле своето словенско име и го прифатиле народното име на основачите на државата – името на Бугарите. Самиот факт што новото народно име го прифатиле и македонските Словени, исто како и Словените во Тракија и во Мизија, најубедливото докажува дека помеѓу нив и пред тоа постоела целосна свест за народно единство.*[56]

Турските Прабугари, кои дошле откај реката Волга, според јазикот биле сродни со Куманите, Хуните и Хазарите. Тие биле народ, кој главно се состоел од воинствени коњаници. Во однос на своите сојузници, Словените, тие биле незначително малцинство, па поради тоа нивното целосно претопување со словенското мнозинство било само прашање на време. Посебно по усвојувањето на христијанството (во 865 година)[57], асимилацијата помеѓу двата елемента – турскиот и словенскиот – премногу се забрзала, главно преку меѓусебни женидби. Колку и да била многубројна Аспаруховата орда, недостигот

од свои жени кај Прабугарските уште од самиот почеток им наложил да се мешаат со Словените. Веќе во почетокот на IX век, словенскиот јазик проникнал кај највидните прабугарски семејства. Синовите на Омуртага[58] имале словенски имиња: Воин, Маламир, Званица. При крајот на X век, во Бугарија, па и во странство сè уште се разликувале „Бугари" во смисла на Аспарухови, туранските Бугари, од „Словени". Асимилацискиот процес завршил со целосно исчезнување (претопување, ред. бел.) на туранските Бугари, и на нивниот јазик, од кој во бугарскиот јазик, кој сега од почеток до крај е *чисто словенски*, не останале *никакви траги*.

Македонија, во која во VII и VIII век се создало одделно словенско кнежевство, била освоена од Прабугарите во почетокот на IX век[59]. Славниот кнез (хан, ред. бел.) Крум, во 817 година ја освоил Софија[60], и навлегол во Македонија, каде што словенското население ја признало неговата власт. Во времето на кнезот Борис[61], бугарската власт достигнала до морскиот брег крај Солун, а на запад под негова власт биле градот Охрид и Деволската област. Бугарската граница тогаш достигнувала до Драч, а северно до Косовско, дури зад реката Ибар. Ова проширување на Бугарското Царство во Македонија било причината поради која византискиот император Теофил (829–842 година) крај Долен Вардар населил Персијци, потоа наречени Вардариоти, кои биле погранична стража помеѓу Солун и Воден, а главно служеле за заштита на Солун. Таа претпазлива мерка на Византија била оправдана, зашто царот Симеон[62] во 914 година веќе војувал во Македонија, за да завладее со двете важни пристаништа на Егејското и Јадранското Море, во Солунската и во Драчката област. Во 926 година, бугарските војски повторно го напаѓаат Солун. Забележително е тоа дека во ова време, кога Србите и Хрватите на север се креваат против Симеон (925 година), во Македонија е мирно, но уште поважно е да се истакне дека *македонските Словени никогаш не се кренале против бугарската држава*[63].

## VII

## Општобугарското културно единство - Дејноста на светите Кирил и Методиј - Старобугарската писменост - Свети Климент

Еднoплеменските врски на македонските Словени со Словените од Тракија и од Мизија особено јасно се појавуваат и во *старобугарското културно единство, единство на литературниот јазик, на црквата и на народно-просветителските институции*.

*Допрва културната дејност*, на чија основа двајцата солунски браќа свети Кирил и свети Методиј, заедно со своите соработници, ги поставија повеќето македонски Бугари, *ќе ги сплоти сите бугарски Словени на Балканот во едно свесно национално тело и ќе ја создаде бугарската националност, зацврстувајќи го националното име „Бугарин“*[64]. Не постои сомневање дека браќата свети Кирил и свети Методиј, во туѓина се именувале како Бугари, па така сега не може да се оспори и нивното словено-бугарско потекло. Нивниот таткото Лав бил богат и познат војсководец во Солун, па можно е да бил Словен, и не е чудно, бидејќи многу порано еден цариградски патријарх Накита (766–780 година) бил таков („ἀπὸ Σκλάβων“), па дури и императорот Василиј Македоњанинот[65] и многу други. Светите браќа биле добро прифатени во Рим, не само затоа што ги донеле моштите на папата Климент I од Херсон, но и затоа што тогаш (860–870 год.) во Рим пробале *да ги привлечат Бугарите кон римската црква*. (K. Jireček, Geschichte der Serben, I. 177). Но, не треба да се заборави дека свети Методиј, пред да ѝ се препушти на апостолската мисија, бил големец кој служел како *управител на едно словено-бугарско кнежевство во Македонија*[66], додека брат му Константин се воспитувал во Цариград, под раководство

на патријархот Фотија, познавал многу јазици и бил учен маж. И тие двајца видни македонски Бугари го издигаат мајчиниот говор до *општобугарски книжевен јазик*[67], со тоа што ги преведуваат на него Светото писмо и многуте богослужбени книги, служејќи се со една нова, *од нив создадена азбука* – глаголицата, и на овој начин ја поставуваат основата на *бугарската писменост*, која најпосле станува *писменост на сите Југоисточни Словени*. Благодарение на тој литературен јазик, кој е зачуван во најстарите ракописи, наречени „старобугарски", *науката може, без никакво сомневање, да заклучи дека македонските Словени и во IX век биле дел од бугарските Словени, од кои произлегува целиот бугарски народ. Денешните македонско-бугарски дијалекти, во основните фонетските црти целосно се согласуваат со старобугарскиот јазик Кирило-Методиевската писменост.* Оваа писменост, најнапред била користена во училишта за народна просвета во Македонија, особено во Охридско, каде што како народен просветител дејствувал и учителот свети Климент, најистакнатиот од учениците на светите Кирил и Методиј. Името на свети Климент, кој во 916 година го поминал своето време во Охрид, како „големиот" епископ, и сега живее таму преку народното предание: Климент се почитува како вистински светец, а покрај него и неговите соработници и другари, исто така ученици на светите браќа: свети Наум, свети Горазд, свети Ангелариј и свети Сава. Во Охрид има многу спомeници на свети Климент, а една црква го носи неговото име[68]. На југоисточниот крај од езерото се наоѓа манастирот Св. Наум.

Познато е дека делото на светите Кирил и Методиј и на нивните први ученици е настан од големо значење, зашто на тоа се должи фактот дека другите Словени, главно православните[69], рано се здобиле со сопствена писменост, откако го усвоиле литературниот јазик на Кирил и Методиј. Овој јазик и сега се користи во руската и во српската црква, а долго време бил во црковна употреба и кај Хрватите, главно крај Јадранското приморје, каде што најдолго се зачувала и глаголската писмена традиција, речиси до ден-денес, на пример на островот Крк (Veglia).

Процутот на старобугарската писменост се случува главно за време на владеењето на царот Симеон Велики (889–927 год.), кога во Бугарија во поголем размер се внесува византиското културно влијание, кое преку старобугарската литература се пренесува во Русија и во Србија. Во Србија, иако била непосреден сосед на Бугарија, а главно на Македонија, првите начела на писменоста се појавуваат одвај во следните три века, кон крајот на XII век, од кога што датира и најстариот српски пишан споменик, една грамота на босанскиот бан Кулин, од 1189 година. *Србија директно зајмува од бугарскиот книжевен јазик и од азбуката*, имено од поновата т.н. кирилична азбука, за чиј автор сега се смета свети Климент[70].

## VIII

## Најстарата татковина на српскиот народ на Балканскиот Полуостров - Најстарите граници помеѓу српската и бугарската држава

*Фактот дека Србија подоцна се здобива со својата писменост, и тоа преку зајмување од Бугарија, докажува дека таа низ вековите дотогаш стоела настрана од поживи културно-политички односи со бугарските земји.* Тоа се гледа и од најстарата историја на Србите[71]. За нас е интересно да заклучиме до каде се простирале живеалиштата на српските племиња при нивното прво сместување на Балканскот Полуостров. Во однос на ова прашање, кое има суштинско значење, за да може историски да се определи граничната зона помеѓу двата народа, бугарскиот и српскиот, од минатото па сè до денес, најдобрите истражувања се направини од професорот Константин Јиречек[72], чии резултати ги изложил во збирката „Историја на Србите" (Geschichte der Serben), објавена во 1911 година, истовремено и со српски превод. Ова дело е првата и најдобра критичка историјата на Србите, каква што дотогаш не поседувале, што е излишно да се истакнува, имајќи ја предвид објективноста на славниот автор, како и големата научна вредност.

„Живеалиштата на Србите и на Хрватите – вели Јиречек – во најголем дел се наоѓале во шумската област на Динарскиот планински систем. Таа започнува од Кварнеро (покрај градот Трст) и се простира по должината на Јадранското Море, достигнувајќи до заливот Сан Џовани ди Медуа, до утоката на реката Бојна и на реката Дрим, и тоа во насока од северозапад кон југозапад. Тука, покрај заливот, токму сред

најдлабокото место во Јадранското Море – до 1.600 метри длабочина –продолжението на Динарскиот систем свртува кон североисток, образувајќи ги планините на источна Црна Гора и „Албанските Алпи“ – планината Проклетија – од делот кон југ и југоисток. Тоа се албанските планини, кои преминуваат кон албанско-грчкиот планински систем. *Земјите меѓу карпестите црногорски планини, со нивната околина и басенот на Западна Морава,*[vi] *се најстарата и постојана татковина на српскиот народ*. Тоа е студена, бедна планинска земја – на запад карпести области, а на исток шумска област со високи алпски падини, совршени за сточарство – земја која имала мала привлечна сила за странските освојувачи. Меѓу словенските племиња на Балканскиот Полуостров, Србите првично беа *внатрешен народ* (ein Binnenvolk), *кој настрана од Дунав и од морето, живееше во долините на реките Лим, Ибар и Западна Морава.* Оттука српскиот народ ја протегаше власта кон Јадранското крајбрежје, а едно време тежиштето му беше во областа на Диоклецијан (Зета), на Скадарското Езеро. Од крајот на XI век, раководниот дел на народот започна да се стреми да проникне на исток, кон патиштата што водат од Дунав кон Егејското Море. Нов центар на народот се формираше околу замокот Рас, на реката Рашка, притока на Ибар, денешен Нови Пазар, висока до 550 метри надморска височина и крстосница на важни патишта среде шумските планински земји, помеѓу реката Тара и реката Морава. Таа е старосрпската област Рас (од Византијците нарекувана ’Ράσου). Со завладување на двете плодни котлини, кои се наоѓаат токму на средината на северниот дел на Полуостровот, котлините на Бел Дрим се градовите Ипеќ и Призрен и на Косово се префрла центарот кон југ. Ипеќ (Пеќ) во текот на пет века станува престолнина на врховната српска народна црква. Во XIII век следува нова офанзива на Србите кон север, кај долината на долната Источна Морава, за земјата за која порано се бореле Унгарците и Бугарите, и уште подолу кон Дунав, кај областа помеѓу текот на реката

vi Западна Морава е таканаречената Српска Морава.

Сава и тесниниte на Железните врати. Кон југ, во Македонија, поради брзиот пад на власта по протерувањето на Латините и Византиското Царство, Србите многу напреднаа. Стефан Душан[73] во 1346 година го крунисаа за цар на Србите и на Грците, а за време на граѓанските војни меѓу Грците, ги заседе и цела Македонија (освен Солун), Албанија, Епир и Тесалија. Внатрешните немири наскоро доведоа олеснителни околности за да напредне еден нов силен освојувач, османлиските Турци, како против Грците, така и против Србите. Српската држава под деспотите во XV век, имаше база на север, на Дунав – во Белград и Смедерево (до 1459 година). Најдолго се задржа против моќта на османлиските султани, кнезовите од родот на Црноевиќ во непристапните планини над Которскиот Залив и над Скадарското Езеро – во Црна Гора. Кога подоцна границите на осмалинската моќ повторно се повлекоа назад, образувањето на две нови српски држави се изврши токму на почвата на *последната средновековна политичка организација на Србите: во планините на Црна Гора, манастирот Цетиње, основан од Црноевиќите во 1485 година, и во областа Шумадија, недалеку јужно од Белград и од замокот на Деспотите во Смедерево". (цитат стр. 9–II, Милетич).*

Ова е мапата на првото српско население и на идното проширување на првичните етнографски и државни граници на Србија. Од зборовите на Јиречек е јасно дека суштинскиот етнографски центар на српските племиња во средните векови не се поместил на југ од Метохија и од Новопазарско, така што првично само коритото на Западна Морава е во средина на српските села, поради што таа во минатото е наречена „Српска Морава"[vii] и под тоа име поминува во географските карти, за разлика од Источна Морава, која си го носи историското име

---

vii Тоа што Јиречек го забележува, дека Бугарите воделе војни со Унгарците заради Моравско, се однесува на царувањето на Калојан, кој се борел со војските на унгарскиот крал Емерих на „Морава", бидејќи таа област ја сметал за дел од Бугарското Царство. Тогаш Бугарите ги зазеле Ниш и Браничево, каде подоцна седеле бугарските епископи. (Види Jireček, Geschichte der Serben, стр. 289).

*Бугарска Морава*. Привременото ширење на српската државна граница на југ, во Македонија, Јиречек убаво го објаснува како чисто освојувачки успех, благодарение на слабоста на Византија во тоа време. Најпосле, кога по доаѓањето на Турците (Османли, ред. бел.), српскиот народ се појавува независно каде било, тоа повторно се случува *во старите, чисто српски земји, каде што бил и центарот на нивната средновековната држава. Тоа е целата вистина*. Наведените факти се во целосна согласност со историските податоци за првото населување на Србите на Полуостровот. Додека бугарските Словени, како што кажавме, го минаа Дунав одејќи кон Дакија, предците на Србите и на Хрватите, кои доаѓаат пред VII век, пред тоа живееле по должината на јужниот карпатски фронт на Словенците и Малорусите во Северна Унгарија, каде што ги поминале Карпатите идејќи од североисток. Според Јиречек, предците на Србите биле оние Словени во Северна Унгарија, кај кои во Јустинијаново време, лонгобардскиот принц Илдигис преминал како бегалец. Иселувањето на Лонгобардите кон Италија им отворило пат кон Панонија, каде потпаднале под власта на аварскиот хаган[74]. Околу 600-тата година, за време на владеењето на царот Маврикиј[75], тие веќе навлегуваат од Панонија во Истра и Далмација. Затоа главните патишта од Панонија ги насочувале српските племиња кон Јадранското приморје, кон Босна и Југозападна Србија, *каде што се навлезени одејќи од запад по коритото на Западна Морава*. „Земјата на Србите – кажува Јиречек – по својата положба на источните падини на Албанските Алпи, до изворите на реката Нарента, каде што се издигнуваат планинските колоси Визитор, Ком и Дурмитор, заземала доминантна положба над околните долини: долгиот фронт кон североисток имал силна позиција против Аварите, а потоа против Бугарите и Унгарците" (цитат стр. 121). Уште во XII век, Диоклеас ќе напише: „Србија (Surbia), или по латински Трансмонтана е разделена на две провинции, од кои едната, од големата река Дрина кон запад, се нарекува Босна, а другата, од реката Дрина до реката Лаб (кај Приштина), се нарекува *Раса*". (Rassa, цитат стр. 121). Ете

зошто за време на царот Симеон бугарската граница кон Србија достигнала до *денешната Метохија*, каде што се соединуваат двата Дрима, таа оди по Бел Дрим и по Ибар, до сливот на реката Сава. Тогаш Рас (Нови Пазар), Приштина, Липљан, па дури и Белград, како што е познато, биле бугарски. Тогаш Бугарите владееле со двата најважни пата кон Дунав – патот по долината на Вардар и Морава низ Прешовско, и патот низ Качаник – Косово Поле – Ниш. Но, не само во времето на царот Симеон, туку и во времето на неговиот претходник, кнезот Борис, границата на Србија со Бугарија била кај Рас.

Токму тогаш, на крајот на IX век и на почетокот на X век, се случува инвазијата на Унгарците. Затоа бугарско-словенското население од Унгарија побегнало во Бугарија. Тогаш бугарските Словени го минале Дунав и главно се сместиле во Моравско, во Браничево и во околината на Белград (Јиречек, *История Болгаръ* с. 203). Сега сигурно може да се потврди дека во тоа време – кон крајот на владеењето на царот Симеон – привршувал процесот на *бугарското народно диференцирање* по целиот Балкански Полуостров: „Словените“, кои влегуваат во составот на бугарската држава, веќе се појавуваат преобразени како посебен „бугарски“ народ. *Генерално, бугарската народна свест постепено ги оцртала првичните државно-етнографски граници помеѓу основаната од Аспарух т.е. „туранска“ Бугарија, која се простирала од долината на Дунав до Балканот, и „Словенија“ кој се простирала од Балканот на југ и по цела Македонија, на запад и на југозапад до Јадранското Море и дури до Пелопонез.* Најшироките етнографски граници на бугарска Македонија од тоа време се оцртани и до ден-денес преку многубројните зачувани бугарски топоними, кои допираат и во денешната албанска и грчка територија. Кон север, границата меѓу српските и бугарските елементи од минатото па досега уште не е јасна, зашто независно од јазикот на населението, што се зема за значаен белег при таквите прашања, и старите топоними го имаат истото значење. На пример, сите топоними кои завршуваат со наставката *-ец* (старобугарски завршок *-ьць*), се бугарски, како и во пример: Буковец, Лесковец, Пијанец и

во примерите на српските топоними содржат ист суфикс, завршуваат согласно законите на српската фонетика, на *-ац*. Исто така, и другите топоними во кои е зачувана наставката *-лъ* на крајот, кои ги содржат согласките *щ*, *жд* и сл. се исклучително бугарски. И така, не само по јазикот на населението, туку и по бугарските форми на топонимите во Моравско[76], сега може да се следи старата етнографска граница на Бугарија откај запад.

## IX

## Западното и Источното Бугарско Царство - Националната свест на македонските Бугари - Битката кај Чермен (1371 година) - Србија завладува со Македонија во XIV век - Краткотрајноста на српско владеење - Националната преродба на македонските Бугари Револуционерната борба на Македонците по Берлинскиот договор - Војните од 1912 до1918 година - Новото ропство на Македонија

Бугарската национална свест кај македонските Бугари, особено се манифестира во историјата на Македонија, и тогаш кога таа не била политички поврзана со Источна Бугарија. Во 963 година, Бугарија[77] се поделила на две царства: Западно и Источно[78]. Западното Бугарско Царство, на чело со цар Шишман[79], кое ги опфаќало Македонија и Моравско, заедно со Средец (Софија), целосно го задржува чистиот бугарскиот карактер, па и со право во историјата тогаш се означени „две Бугарии", со два цара и со два патријарха. Забележано е дека во Западното Царство, каде што ги имало сите услови да се појави сепаратизам кон Источна Бугарија, се случува спротивното: Западното Царство при владеењето на царот Самуил се засилува како *Бугарско Царство*[80], покажувајќи го својот бугарски национален карактер во сите внатрешни и надворешни манифестации на националниот и на државниот живот[81]. Забележително е дека за очекуваниот сепаратизам можело многу да придонесе и новото еретичко учење, богомилството[82], кое токму во тоа време на државен раскол се појавува со голема сила и чиј центар била Македонија, на пример, во Мелничко

и во Прилепско – во Бабунскиот крај[83], каде што е сегашното село Богомила[84], како и во Велешко. Но и тоа мрачно учење не било во состојба да го ослаби чувството на народното единство помеѓу двете Бугарии.

Чувствата на дворот на цар Самуил, во однос на Источна Бугарија, ги докажува епизодата со избеганите синови на царот Петар од Цариград – заробениот цар Борис II и Роман[85]. Роман стигнал жив во Македонија и Самуил го назначил за началник на Скопје. Какво е значењето на Охрид, каде што Самуил ја преместил престолнината од Преспа, како центар на бугарската народна идеја, излишно е да истакнуваме, затоа што е добро позната народно-културната улога на тој град во бугарската историја, од минатото па сè до денес[86].

По несреќната битка кај Беласица, во 1014 година[87], кога Василиј Бугароубиецот[88] успеа да го покори и Западното Бугарско Царство (1018 година) и двете Бугарии делат една иста судбина на тешко ропство под Византија. Но и покрај тоа, што ропството траело речиси два века, општобугарската народна свест и во Македонија зајакнало еднакво како и во Источна Бугарија. Затоа гледаме дека Петар и Асен[89], а по нив и царот Калојан[90], во шеснаесетмесечна борба успеваат не само да го обноват Источното Бугарско Царство, но и со помошта на бугарските Македонци да ги прошират границите подалеку на запад и во Македонија, каде што навлегле во пределите на новото Бугарско Царство, и во Моравија со Ниш и Браничево, па дури и до Белград и Призрен (1204 година). Царот Асен II[91] си го враќа и останатиот дел од Македонија и делот од Албанија до Драч, па така сите Бугари повторно се соединети. За време на владеењето на бугарскиот цар Михаил Асен (1246–1257 год.), византискиот император Ватац успева да ја заземе Западна Македонија, но штом тој починал, *изгубените македонски области одново се присоединиле кон Бугарското Царство*. Ова можело да се постигне само со сознанието на племенското сродство и на народното единство помеѓу Западните и Источните Бугари[92]. Несреќните околности потоа повторно ѝ помагаат на Византија, па за време на владеењето на Константин Асен, Македонија

повторно била изгубена за Бугарија (1265 година), и само уште Моравско било под бугарска власт. По долги борби и променлива среќа, најпосле, по битката кај Велебужд (Ќустендил, ред. бел.), во која бугарскиот цар Михаил (1330 год.) е убиен[93], моќта на Бугарија е разурната. Потоа главната улога на Полуостровот почнува да ја игра Србија. Тогаш во српски раце паднал и Ниш, а наскоро и цела Македонија. Видовме колку краткотрајно било српското владеење во Македонија[viii], кое треба да се замени со турското, имено, по несреќната битка на кралот Волкашин со Турците на Марица кај Чермен (1371 година)[94]. Турците веднаш потоа влегле во Македонија. Долгото петвековно ропство што настапило, ќе можело да ја избрише старобугарската национална свест во душата на македонските Бугари, и поради тоа, при првите зраци на народната преродба, видовме дека и во Македонија со голема сила се буди бугарското родољубие, и тоа токму во најзападните краишта. Тоа не е чудно, ако се земе предвид дека во Охридско, старобугарските преданија постојано биле разгорени, особено благодарение на Охридската автокефална бугарска архиепископија[95], која макар и надворешно погрчена, не ги имала сосема раскинато врските со старобугарското минато; за народот таа била до крај бугарска (1767 год.)[96]. Познато е дека грчкото востание предизвика најголема побуна кај македонските Бугари, кај кои се разбудиле и надежи за народно ослободување. Потоа Руско-турските војни многу влијаеле за во Македонија да се одржи националното чувство во тензична состојба, па верата во посветла бугарска иднина беше посилна. При таа состојбата на духот, бугарско црковно прашање во Македонија најде подготвена, плода почва, и борбата против фанариотите се водеше во Македонија исто толку решително и свесно колку на кое било друго место во Бугарија. По сето тоа, јасно е какво тешко изненадување му донел Берлинскиот договор[97] на македонскиот

---

viii Н. П. Кондаков добро кажува во *Македонія* (стр. 292): „Всѣ пріобрѣтенія сербовъ въ Македоніи бъістро утрачивались и только въ пероідъ съ 1345 года по 1389 Македонія была сербскимъ владѣніемъ“. (Сите српски придобивки во Македонија брзо се загубија, така што Македонија била под српска власт единствено во периодот од 1345 до 1389 година.)

Бугарин, па не е ни чудно што како последица беше возможно во Македонија да се организира големото Македонско-бугарско револуционерно движење, кое со својата упорност ќе ја разниша основата на турското владеење и ќе го привлече светското внимание врз политичките последици кои тоа ги налагаше. Бугарскиот карактер на Македонската револуција најмногу се манифестираше во 1903 година, во Илинденското востание[98]. Како последица на тоа востание, кое не згасна сосема, беше војната на Бугарија со Турција во 1912 година, и со Србија, Грција и Романија во 1913 година[99], а најпосле и во војната на Бугарија во Сојузот на централните европски сили (1915–1918 година)[100]. Таа војна требаше да заврши со ослободување на Македонија, *чии стари бугарски традиции* – јазикот, карактерот, обичаите, силниот дух, кој се појави во љубовта кон татковината, и се устреми кон културен напредок во сите насоки, *се зачувани до ден-денес, со целосната чистота. Македонија, исто каква што била едно време, и сега си е класична земја на бугарштината*. Тоа го осознале и оцениле највидните европски – словенски и несловенски – учени патешественици, кои непосредно го изучувале битот на бугарското население во Македонија, и го изнесувале истото убедување, кое непристрасниот научник Кондаков[101] јасно го формулира, велејќи: „Етнографското истражување совршено јасно нè убедува дека Бугарија се простира во широка зона, вклучително до Охрид". (цитат стр. 290)[102]. Истото тоа сознание, го носи во градите секој вистински син на Бугарија. За наша општа несреќа, големата војна наместо ослободување, во Македонија донесе ново и уште потешко ропство. Но, голем е Господ!

## X

## Туѓите културни влијанија врз Македонија од Исток и од Запад - Лошите комуникациски врски на Грција со главните балкански културни центри

Тука навистина е забележлива појава на цврст конзервативизам, благодарение на кој можела да заздрави бугарштина во Македонија, бидејќи по својата географска положба, таа спаѓа во средоземноморската област, која отсекогаш била изложена на двојно културно влијание, од Исток и од Запад, во зависност од раздвижените морски патишта и развиените трговски врски со надворешниот свет. Посредничката улога на Балканскиот Полуостров, помеѓу Грција и Азија, главно им припаѓа на неговите јужни делови – Тракија, Македонија и Грција, со центрите Цариград, Солун и Пиреј со Атина. Би се очекувало, во Македонија и кај бугарското население да се одрази културното влијание на Византија и на Грција воопшто, како и на Рим, во многу поголеми размери, отколку во внатрешните делови на бугарскиот народ на Полуостровот. Но, всушност, се случува обратното. Додека византиското влијание во Бугарија, низ вековите по создавањето на бугарската држава се одвивало преку Цариград, напротив, во Македонија тоа, како и римското влијание, било запрено од силниот бугарско-словенски колонизациски бран, кој ги разлеал културните византиско-римски наноси дури до Солун и до Грција, додека кон Цариград и кон Тракија, тој бран, уште при населувањето на бугарските Словени, не отишол толку далеку, разбивајќи се, како од моќен насип, од византискиот силен отпор. Римско-италијанските влијанија најпосле не можеле да проникнат многу подалеку од приморските области на Јадранот. Бугарските Словени тука биле заштитени и од албанскиот елемент. Навистина, западното

влијание во средните векови проникнувало извесно време и по напречните патиштата, кои водат од јадранските пристаништа Сан Џовани ди Медуа, Драч и Валона, но пред тоа да може да го употреби своето влијание врз културата на албанското и на бугарското население во Македонија, тие трговски линии полека се затскриваат и му отстапуваат место на трговскиот пат од север на југ – патот на средноевропското влијание. Ама турското владеење и тука стави преграда. И беломорската трговија, носејќи од југ турско-византиско влијание, слабо проникнувала во внатрешноста, која останала затворена, без никакви врски од таа страна.

Особено важна за тоа прашање е околноста дека Грција во минатото имала слаби врски со главните балкански културни центри. *Сите заливи во Северна Грција се опколени со високи планини, кои ја изолираат Грција од Балканскиот Полуостров, па таа е сосема ограничена од крајбрежјето и од морето. Поради тоа, и самата хеленска култура не се простирала подалеку од приморските области на Белото Море. Затоа грчкото влијание во Македонија во минатото не било многу силно*. Поради тоа, нитy сега нитy во минатото не наоѓаме големите грчки колонии северно од Тесалија и јужно од Епир. Не може да се каже дека такви имало во минатото, зошто во тој случај ќе постоеја и во поново време, ако се земе предвид дека во Турција, токму грчкиот елемент секогаш бил поддржуван. Од друга страна, пак, се знае дека во минатото најпрвин Словените, а потоа и албанските колонизации го постиснале грчкиот елемент уште појужно, Грција одамна изгуби многу од својата светска положба, главно поради тоа што културните центри се преместија од средоземноморската област во Западна и во Средна Европа. Особено морепловството, а со тоа и трговијата зеде друга насока. Покрај тоа, сето слабо влијание, за кое станува збор, се должи и на расната декаденција на Грција. Таа не можеше да стане и стопански доволно силна за да ги користи своите крајбрежја.

Што се однесува до Турците и до Албанците, познато е дека и тие не можеле премногу да влијаат врз бугарскиот бит во Македонија. Турското влијание останало површно и тоа повеќе

е од најнов датум, наметнато во XVIII и XIX век, по засилената турска (османлиската, ред. бел.) колонизација[103] во Македонија. Тоа останало слабо дури и кај помаците, како и во источниот дел од Полуостровот. Постарата култура кај македонските Бугари во голем дел се зачувала непогодена од турското влијание, дури и во облеката и тоа главно кај жените, зашто турското население токму во таа насока не можело да влијае, имено, поради ограничувањата кои Куранот ѝ ги наложил на турската жена во однос на облеката. Ете зошто во Македонија, како и насекаде во Бугарија, турското влијание ја засегнало главно облеката на мажите, кои биле принудени да се движат меѓу Турците, одејќи на работа, на пазар и по трговија, па прифатиле да носат потури, елеци, појаси, чалми, фесови, облека од чоја и сл. Од друга страна, пак, познато е дека во најтешките времиња од ропството, до крајот на XVIII век, Турците дури строго ѝ забранувале на рајата да се облекува како господарите и агите, па затоа гледаме дека кај машката облека на бугарските селани, старината и ден-денес е зачувана во некои позатворени области. Во таа смисла, во поново време премногу се засилило албанското влијание, заедно со напредокот на албанската колонизација во Македонија[104].

# МАКЕДОНИЈА


СКОПИЕ
Тетово
Струмица
Прилепъ
БИТОЛЯ
СОЛУНЪ
Костуръ
Кайляръ
Зал. Орфанский